Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по анонимна пријава за корупција, на продолжението на 38- та седница одржана на ден 14.09.2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот 12-3942 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-3942/1 од 19.08.2019 година доставена од непознат подносител, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување по предметот со број 12-3942 од 2019 година, во предметниот случај не се потврдени предметните наводи.

Предметот со број 12-3942 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението - во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-3942 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-3942/1 од 19.08.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител - анонимна пријава.

Во пријавата се содржани наводи против лицето --------- -------------, министер за транспорт и врски, поради сомневање за нелегално изградени објекти на јавна државна површина во централното подрачје на Градот Прилеп, а кои биле во негова сопственост.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид сите наводи на подносителот и заради утврдување на целосната фактичка состојба за овој пријавен случај ДКСК достави барање до овластен градежен инспектор од Општина Прилеп за да се изврши инспекциски надзор во врска со предметните наводи.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба, ДКСК го констатира следното:

- Во предметниот случај станува збор за наводи за сомневање за нелегално изградени објекти на јавна државна површина во централното подрачје на Градот Прилеп, а кои биле во сопственост на министерот за транспорт и врски, --------- -----------, конкретно за објектите: летни бавчи ------- и --- -------. Во доставената пријава се наведува дека наведените објекти биле дивоградби, односно биле бесправно изградени и во истите незаконски била спроведена вода и канализација како и парно на пелети.

- На ден 09.06.2020 година, по барање на ДКСК доставено е известување од страна на овластен градежен инспектор од Општина Прилеп, во кое се известува дека по однос на барањето на ДКСК било постапено, проверени се предметните наводи и бил извршен вонреден инспекциски надзор со увид на

лице место од страна на овластен градежен инспектор, при кој бил изготвен Записник за констатирана состојба од 03.06.2020 година и Решение од 03.06.2020 година, при што било констатирано дека предметните објекти биле во сопственост на други лица кои воедно и стопанисувале со истите објекти.

- Од страна на ДКСК извршена е проверка во анкетниот лист на именуваното лице кој бил доставен до ДКСК на ден 27.01.2020 година и констатирано е дека во делот IV – недвижен имот - ова лице има пријавено само стан но, нема податоци дека истото поседува некој друг недвижен имот, деловен простор и слично.

- Од извршена проверка во електронската евиденција на Централен регистар на РСМ, прибавена е тековна состојба за субјектот - правното лице ДУТУ „----------- --------" ДООЕЛ Прилеп, од која е констатирано дека истото било основано во септември 2017 година и запишано во трговскиот регистар, а на која сопственик е лицето ---------- ------------ од Прилеп, а овластено лице и управител на фирмата е лицето -------- ------------- од Прилеп, како и дека ова правно лице имало регистрирано и своја подружница – Подружница -- --------- Прилеп, со приоритетна дејност ресторани и други објекти за послужување на храна, а за која овластено лице како раководител на подружницата било истото лице односно лицето, -------- ----------- од Прилеп.

- Од извршена проверка во електронската евиденција на Централен регистар на РСМ, прибавена е тековна состојба за субјектот - правното лице ДУТУ „--- – ------" ДООЕЛ Прилеп, од која е констатирано дека друштвото било основано на 31.10.2016 година и запишано во трговскиот регистар за вршење на дејност - Ресторани и останати објекти за подготовка и послужување на храна, а во кое сопственик било лицето -------- ----------- од Прилеп, а управител било лицето ------- ----------- од Прилеп.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во врска со предметните наводи на конкретниот случај не се потврдени предметните наводи за сомневање за нелегално изградени објекти на јавна државна површина во централното подрачје на Градот Прилеп, а кои биле во сопственост на министерот за транспорт и врски, --------- -------------, по што оцени дека Државната комисија нема елементи за нејзино натамошно постапување по овој предмет, постапката по истиот се запира, а предметот се затвора и се архивира.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 14 септември 2020 година под бр. 12- 1942/3**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дочјиновска**

Доставено до :
- Архива

Изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил : м-р Владимир Георгиев, Член на ДКСК